РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3198/1
06-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година донесе:

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-2580/1 од 29.09.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2580/1 од 29.09.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-2580/1 од 29.09.2025 година поради неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето _____ по именувањето на функцијата вршител на должност градоначалник на општина _____.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека _____во законски предвидениот рок од 30 дена по именувањето на функцијата вршител на должност градоначалник на општина _____ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр. 08-2580/3 од 13.10.2025 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот. _____го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Со превземање на горенаведените дејства од страна на ДКСК нема елементи за понатамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р А.А.Т, советник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил:, м-р К.З, член